**Makedonska föreningen Dame Gruev, Stockholm**
**Македонско здружение Даме Груев Стокхолм**

## Писмо со повик

**Почитувани членови, полноправни и потенцијални, почитувани пријатели на здружението Даме Груев од Стокхолм**

Здружението Даме Груев, кое оваа година го доживува својот **јубилиј, 25 години на постоење,** го формиравме во далечната 1983 година со иста цел и намера како и сите останати здруженија во Шведска, да ги собира сите заинтересирани членови кои во програмата за работа на здружението ќе најдат своја сатисфакција и можност за остварување на сите свои желби и потреби од културна, спортска или друга социјална природа. **Значи, зачленувањето е доброволно и од потреба, а истото се потврдува со плаќењето на одредената членарина**. Овие норми и правила важат за сите клубови во Шведска што значи и за нас.
Шведска е пример во светот за самоорганизирање, а истото тоа, **самоорганизирањето, е и рбетот на шведската демократија.** Доселеничките клубови се двигатели на интеграцијата во Шведска, а и најблиската алка за соработка со земјите од каде и потекнуваме. Користејќи ги овие благодети и можности кои ни стојат на располагање, ние не само што ќе и помогнеме на нашата татковина, Македонија, за нејзиното афирмирање, туку ќе си помогнеме и самите себеси во остварувањето на многу наши потреби и желби, било да се од нас постарите или пак од нашите помлади поколенија.

Према списокот кој го поседуваме, клубот секој пат доставува информации до 112 фамилии, бројка за почит, а претпоставуваме дека не има уште повеќе, 150-180 семејства, **а од сите нив членарина платиле само 16 семејства или поединци.** Немањето на клубски простории е голема пречка за нашето самоорганизирање, но биле и такви години кога сме ги имале просториите,а и тогаш плаќањето било како и денес. **“ Сложни браќа и во петок мрсат „** , вели една наша поговорка, што значи ако сме сложни и искрени во нашите желби и барања овој проблем е лесно решлив. Со мали вложувања ќе дојдеме и до клубски простории, а зошто да не и до наша црква.

**Напоменуваме дека ова е последното писмо кое здружението го испраќа до сите фамилии кои се на списокот.** Во понатамошното наше обраќање ќе се јавуваме **само кај оние кои ја подмириле членарината** за оваа година. Истите ќе ги уживаат и сите бенифиции кои ги нуди нашето здружение.

Да потсетиме дека членарината за оваа година изнесува **400 кр.** за фамилија или **100 кр по член за пензионери и самци. Постгиро сметката на здружението е, 61 48 53-0**
Оние кои ја платиле членарината со ова писмо ги добиваат и своите членски книшки. Се надеваме дека овој повик ќе ја побуди нашата свест, македонска, и сите ние ќе смогниме сили да се здружиме и така заедно ќе работиме за нашето добро, за доброто на нашите помлади поколенија како и за доброто на нашите две татковини; Шведска и Македонија.

Посетете ја нашата Web- страница **www.damegruev.com**

**Од Управниот Одбор**